**ОПШТИНА КАРПОШ**
**Одделение за поддршка и организација на работата на Советот**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 09 -4607/1
Датум:08.05.2025 година
Скопје

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/2024), член 16 и 17 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021 и 23/2022) и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош" бр.3/2006), се донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за свикување на шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош**

Се свикува шеесет и петта седница на Советот на Општина Карпош за 15 мај 2025 година (четврток), со почеток во 10.00 часот.

За седницата се предлага следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување записник од 64. седница на Советот на Општина Карпош**

1. **Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2025 година**
2. **Предлог – Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на информатичката технологија за 2025 година**
3. **Предлог – Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 година до 31.03.2025 година**
4. **Предлог – Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт 3 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош – Скопје**
5. **Предлог – Заклучок за задолжување на Секторот за урбанизам во врска со стручниот елаборат за суспензија на делови од Детален урбанистички план за Градска четврт 3 09 (опфат помеѓу бул. Партизански одреди, ул. Франклин Рузвелт, бул.Митрополит Теодосиј Гологанов и бул. 8-ми Септември), Општина Карпош - Скопје**
6. **Предлог – План за изменување и дополнување на План на програми за развој на**

**Општина Карпош за 2025-2035 година**

7. **Предлог – Одлука за давање согласност за промена на корисникот на електрично броило од корисник Општина Карпош на корисник Град Скопје**
8. **Предлог – Одлука за наградување на професори - тренери и индивидуално прогласени ученици спортисти во училишните спортски игри Карпош 2025**
9. **Предлог – Одлука за наградување со меѓународна повеќедневна екскурзија на училишните спортски екипи и индивидуално прогласени ученици спортисти за постигнат успех во училишните спортски игри Карпош 2025**
10. **Предлог – Правилник за еднократна финансиска поддршка за спорт и рекреација**
11. **Предлог – Правилник за финансиска поддршка на спортски клубови од подрачјето на Општина Карпош – Скопје**
12. **Предлог – Одлука за давање согласност за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**
13. **Предлог – Одлука за давање согласност за користење на Мала сала – дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**
14. **Предлог – Одлука за давање согласност за издавање под закуп кафетерија и сала кат 1 - дел од спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје**
15. **Предлог – Одлука за давање согласност за издавање под закуп на објект во сопственост на Општина Карпош, Спортско адреналински парк - Карпош**
16. **Предлог – Одлука за давање согласност за започнување постапка за оттуѓување на патнички моторни возила**
17. **Предлог – Одлука за отстапување на користење на просторија од објект спортска сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан, Скопје во сопственост на Општина Карпош на Меѓународно здружение на граѓани „Културно Ехо-Скопје’’**

Седницата на Советот ќе се одржи во Универзитет Скопје (Универзитет за туризам и менаџмент Скопје).

Телефон за контакт - 070 410/631

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов**